#INNO4EDU

<table>
<tr><td colspan="2">Наслов на активноста</td></tr>
<tr><td colspan="2">Правиме музика</td></tr>
<tr><td colspan="2">Возраст</td></tr>
<tr><td colspan="2">Развоен период (од 3 до 10-годишна возраст)</td></tr>
<tr><td>Простор/локација</td><td>Карактерна вредност</td></tr>
<tr><td>Домашни услови</td><td>Фокусираност, креативност</td></tr>
<tr><td>Потребно време за подготовка</td><td>Потребно време за реализација</td></tr>
<tr><td>10 минути</td><td>20  минути</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цели</td></tr>
<tr><td colspan="2">Целта е кај детето да се развие аудитивната перцепција.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Очекувани резултати</td></tr>
<tr><td colspan="2">Детето фокусирано ги восприема тактовите на музиката и нив ги повторува.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Насоки</td></tr>
<tr><td colspan="2"><u>Претходна подготовка за активност</u><br>Подготовка на тенџере и дрвена кујнска лажица (може да се искористат и други кујнски садови за создавање звуци и правење музика).<br>Оваа игра може да се игра и само со дланките, во зависност од возраста на детето (Прилог бр. 1).<br><br><u>Инструкции/насоки за играта</u><br>На детето му се објаснува дека е потребно да го следи тактот на музиката и истиот да го повтори со плескање на дланките.<br><br><u>Активност/игра</u><br>Заедно со детето се гледа видеото (Прилог бр. 1), се разговара за различните видови звуци и како може сами да креираат звуци со помош на одредени материјали или со дланките.</td></tr>
</table>

Потоа, родителот удира со лажица на тенџерето или плеска со дланките одреден ритам, а детето треба истиот да го повтори. Најпрво се започнува со едноставен такт, а потоа се усложнуваат. Во играта може да се вклучат и други членови од семјството. Пример: плес-пауза-плес; плес-плес-пауза-плес, плес, плес, плес, итн.

| **Прилози** | **Материјали** |
|---|---|
| Прилог бр. 1<br>Линк до видео од изработка<br> | • Тенџере<br>• Дрвена кујнска лажица |



**Активноста е подготвена од:**

Едукатори: Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајн: Катерина Николовска

Лектура: Јана Михајловска

Превод: Агим Лека